Врз основа на член 19 став (1) точка 20) од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010, 135/2011, 188/2013, 43/2014, 138/2014, 145/2015, 192/2015, 23/2016 83/2018) и (Службен весник на РСМ бр. 122/2021), а во врска со член 24 став (1) точка 4) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), Собранието на ИОРРСМ на предлог на Управниот одбор, на седницата одржана на 06.04.2023 година, усвои

# Годишен извештај за работа на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за 2022 година

## Содржина


I. Резиме

II. Активности на телата на ИОРРСМ

- Собрание
- Управен одбор
- Надзорен одбор
- Комисии на ИОРРСМ

III. Управни и други судски спорови

IV. Финансиски информации

IV. Анализа на реализирање на активностите од Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2022 година


## I. Резиме

Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) спроведува активности согласно надлежностите уредени со Законот за ревизија, Статутот и актите на ИОРРСМ. ИОРРСМ ажурно ја следеше состојбата во државата настаната како резултат на пандемијата и превзема мерки за соодветен одговор и прилагодување на своите активности кон новонастанатата ситуација. На веб страницата на ИОРРСМ активен е делот каде се објавени мерките преземени од страна на ИОРРСМ, како и упатства подготвени од телата на ИОРРСМ. Исто така, објавени се упатства и материјали објавени од IFAC, IIA, и други релевантни меѓународни организации, како и од страна на истакнати професионални тела и друштва за ревизија.

Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија во 2022 година спроведе он-лајн и комбинирани настани за **Континуирано професионално усовршување (КПУ) за овластените ревизори**. Во рамките на Годишната програма за КПУ за 2022 година беа спроведени (1) девет настани за КПУ или вкупно 49 КПУ часа, (2) сите 49 КПУ часа беа повторно понудени да се проследат преку посебниот модул за електронско следење на КПУ поставен на веб страната на ИОРРСМ за членовите на ИОРРСМ кои немале можност да го проследат настанот при првичното спроведување, како и (3) е-КПУ од вкупно 8 КПУ часа) за да им се овозможи на овластените ревизори да ја исполнат законската обврска да посетуваат најмалку 120 часа за период од три години, односно најмалку 30 часа годишно во рамките на континуирано професионално усовршување од областа на сметководството и ревизијата, согласно член 28 од Законот за ревизија.

За одржување на предавања на темите предвидени во Годишната програма за КПУ за 2022 година беа поканети и изразија интерес предавачи од Народна Банка на РСМ, Агенција за заштита на лични податоци на РСМ, Економски факултет – Скопје, Агенција за супервизија на осигурување, Управа за финансиско разузнавање, овластени ревизори - претставници на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци (особено од Прајсвотерхаускуперс ревизија ДОО Скопје, МСФИ ревизија 2012

ДОО Скопје и КПМГ ревизија ДОО Скопје), предавачи со други домашни и меѓународни сертификати. Исто така, беа одржани заеднички настани за КПУ во соработка со Економски факултет Скопје при УКИМ, Катедра за сметководство и ревизија, и Здружението на внатрешни ревизори на РСМ.

Вкупно беа опфатени 33 различни теми на сите настани за КПУ одржани во 2022 година. Предавањата се однесуваа на (а) континуирано професионално образование (меѓународни сметководствени стандарди, меѓународни стандарди за финансиско известување, меѓународни стандарди за ревизија, законска регулатива, ESG известување, измами, управување со кредитен ризик, улогата на финансиските институции во борбата со финансирање на тероризмот, теми од осигурителната дејност, новини во ЗЗЛП и ЗСППФТ и други, како и (б) континуирано професионално усовршување (актуелни теми).

На настанот за КПУ одржан на 22 декември 2022 година беше одржана и панел дискусија на тема 'Улогата на институциите во борбата против корупцијата и испитувањето на измами' на кој што како панелисти учествуваа М-р Максим Ацевски (Главен државен ревизор), Сања Лукаревска (Директор на Управа за јавни приходи), Билјана Ивановска (Претседател на Државна комисија за спречување на корупција), а модератор на панелот беше проф. д-р. Марина Трпеска.

ИОРРСМ во 2022 година спроведе две сесии за полагање на **испитот за стекнување на звањето ревизор,** што беа спроведени во јуни/јули 2022 година и декември 2022 година. Во 2022 година, шест кандидати кои го положија испитот се стекнаа со уверение за ревизор, издадено од страна на ИОРРСМ.

Во 2022 година, ИОРРСМ издаде три уверенија за ревизор врз основа на доставени барања за **признавање на квалификација за ревизор стекната во странство,** а во согласност со Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение за ревизор за лица кои поседуваат уверение за ревизор стекнато во странство.

Спроведувањето на **контрола на квалитетот на ревизорските услуги** согласно Годишниот план за 2021/2022 и 2022/2023 година, во првата половина од годината се одвиваше согласно инструкциите наведени во циркуларното писмо - *Упатство за спроведување на контролите на квалитет во услови на COVID-19*, подготвено од Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги, а одобрено од Управниот одбор на ИОРРСМ. Методологијата за организација и спроведување на проверка за контрола на квалитетот на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци е објавена на веб страната на ИОРРСМ, во делот со авторизиран пристап само за членовите на ИОРРСМ.

**Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори, Регистарот на друштва за ревизија, Регистарот на овластени ревизори – трговци поединци, и Регистарот на трајно одземени лиценци**, објавени на веб страната на ИОРРСМ, се усогласени со член 30 од Законот за ревизија и се ажурираат согласно доставените Изјави за ажурирање на податоци од страна на членовите на ИОРРСМ.

Во 2022 година беа зачленети следните:

- 8 овластени ревизори: Викторија Ристовска, Валон Омери, Ефтимија Димитрова, Ивана Петрова, Горан Глигоријевски, Александра Србиновска-Антовски, Ивана Атанасовска, Јасенка Миова.
- 2 друштва за ревизија и 3 овластени ревизори – трговци поединци
    - Друштво за ревизија РЕВИДИЗО ДОО Скопје.
    - Друштво за ревизија КРЕСТОН МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.
    - Трговец поединец ВЕРИФИКА РЕВИЗИЈА ТП Скопје.
    - ТП КМ ЗА РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ Струмица
    - Трговец поединец за ревизија ТП РЕВИЗИЈА КОСТЕСКИ Скопје

Во 2022 година им престана членството на следните:

- 11 овластени ревизори: Софија Јанчева Белчева, Мирка Александрова, Виолета Јаковлевска, Васе Мојаноска, Јулијана Тодоровска, Илија Митрев, Љубинка Семенкова, Маре Јовановска, Славица Дреноска, Снежана Зајкова Деливанова, Митко Поповски.
- 1 овластен ревизор – трговец поединец
    - Трговец поединец за сметководствени, ревизорски работи и даночно советување Дрваров консалтинг и ревизија ТП Скопје

На следните графикони е прикажано движењето на бројот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци, членови на ИОРРСМ за периодот од 01.01.2018 до 01.01.2023 година, како и распределба на членови – вработени во друштва за ревизија и кај овластени ревизори – трговци поединци наспроти вработени во реален сектор:















На следните графикони е прикажано движењето на приходите од услуги на ревизија и услиуги поврзани со ревизија наспроти приходи од неревизорски услуги за периодот од 2019 до 2021 година, и вкупен број на вработени кај друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци за 2021 и 2022 година:







### *Меѓународна соработка*

#### ***IFAC***[1]

Во 2022 година, ИОРРСМ како полноправна членка на IFAC имаше редовна комуникација со одговорните лица во IFAC.

На 15 ноември 2022 година, Претседателот на ИОРРСМ присуствуваше на редовна годишна седница на Собранието на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC), што се одржа преку видео конференција.

На 26 април 2022 година, до IFAC беше доставен ажуриран Акциски план за усогласеност со SMO[2] на IFAC. IFAC даде позитивните оценки за ИОРРСМ, особено за напредокот во сегментите на контрола на квалитет (SMO 1, Quality Assurance), MCP (SMO 3, International Standards and Other Pronouncements Issued by the IAASB), и правилата и процедурите за водење на дисциплински постапки (SMO 6, Investigation and Discipline). Акцискиот план и оценките на IFAC (Dashboard Report - DBR) се објавени на нивната веб страна (*линк* North Macedonia jurisdictional profile; ICARNM organizational profile). Документот е ажуриран со поддршка на одговорни лица во IFAC. Во меѓувреме се водеа редовни дискусии за известување на годишно ниво, за разгледување на напредокот и евентуални измени на регулативата или други околности.

[1] International Federation of Accountants.

[2] Statements of Membership Obligations

Во октомври 2022 година, IFAC го одобри преводот од англиски на македонски јазик на Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители (Handbook of the International Code of Ethics for Professional Accountants (including International Independence Standards) – 2020 Edition), издаден на англиски јазик од страна на IFAC, во декември 2020 година.

Во 2022 година, IFAC организираше повеќе настани/вебинари за своите членови, а претсавници на ИОРРСМ присуствуваа на следните:

- На 28 февруари 2022 година, генералниот секретар на ИОРРСМ присуствуваше на ′′2022 Chief Executive′s Forum, Trust & Sustainability in the New Normal′′ што се одржа како он-лајн настан, а кој што имаше информативен карактер и беа презентирани искуства од неколку професионални организации членки на IFAC.
- На 19 мај, претставник на контролата на квалитет, вработен во ИОРРСМ, присуствуваше на вебинар на тема "Instilling Public Trust and Confidence in Sustainability reporting and Assurance".
- На 28 јуни претставник на контролата на квалитет, вработен во ИОРРСМ, присуствуваше на вебинар на тема "IFAC & World Bank Global Quality management PAO Knowledge Exchange".
- На 21 септември 2022 година, генералниот секретар на ИОРРСМ, присуствуваше на настан на тема "Finance Leaders Plugging the Net-Zero Information Gap: Exploring the critical role of CFOs and finance teams in the climate transition" кој што беше од информативен карактер при што беа споделени искуства од страна на неколку големи меѓународни компании како Verizon, UPS, Moody′s, PETRONAS.
- Во периодот од 18 до 21 ноември 2022 година, Претседателот на ИОРРСМ присуствуваше на Светскиот конгрес на сметководители 2022 (World Congress of Accountants 2022) во Мумбаи, Индија. Конгресот беше во организација на IFAC и Институтот на овластени сметководители на Индија (ICAI – Institute of Chartered Accountants of India), која што е најмасовна меѓународна манифестација на сметководителите и се организира на секои 4 години.




## CFRR[3]

На 30-31 март 2022 година, член на Управниот одбор на ИОРРСМ, Јане Иванов, присуствуваше на он-лајн настан на тема "Transparency and Corporate Sustainability Reporting - New Developments in the EU" во организација на Центарот за реформи во финансиското известување на Светска банка (CFRR).

На 28, 29 и 30 декември, по покана од страна на Центарот за реформи во финансиското известување, како тело на Светска банка со седиште во Виена, Австрија, членовите на Управниот одбор на ИОРРСМ, Крсто Несторов и Јане Иванов присуствуваа на тридневниот настан на кој што учествуваа 250 претставници од Западен Балкан и подкавкаските земји. Во рамките на овој настан беше одржана и министерска конференција. Темите на настаните беа следните:

1) Senior Officials′ Workshop: PULSAR, REPARIS for SMEs, STAREP
2) 2022 Ministerial Conference: Financial and Sustainability Reporting for Debt Transparency and a Resilient Recovery

[3] Centre for Financial Reporting Reform (CFRR)

3) Joint Accounting and Auditing Community of Practice: Advancing Financial Reporting, Audit and Sustainability Standards Implementation

Главните дискусии низ повеќе работилници и панели беа поврзани со новините за Sustainability Reporting и стандардите кои се во фаза на нацрт документи и објавување од страна на IASB, ISSB, IAASB, IESBA и EFRAG. Исто така, имаше обраќање од страна на високи претставници од IFIAR, како и од страна на извршниот директор на австриското регулаторно ревизорско тело (APAB). На еден од панелите, обраќање во врска со макроекономските текови во РСМ и регионот имаше македонскиот министер за финансии, Фатмир Бесими. Покрај нашите претставници, на настаните присуствуваше претседателот на СУНРРСМ, професори од Економски факултет при УКИМ и претставници од Министерството за финансии на РСМ.

### ACCA[4]

На 13 мај 2022 година, генералниот секретар присуствуваше на состанок со одговорните лица на канцеларијата на ACCA во Романија (ACCA South-Eastern Europe) како дел од редовна комуникација. Беше дискутирано за можна техничка поддршка во спроведување на КПУ настаните што ги оргинизира ИОРРСМ, како и поддршка на барањето на ИОРРСМ и самата постапка за добивање акредитација од ACCA на испитите за стекнување звање ревизор.

Во август 2022 година, Програмата за полагање на испит за стекнување звање ревизор на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ) е акредитирана од страна на Асоцијацијата за лиценцирани сметководители (ACCA – Association of Chartered Certified Accountants) и истата се однесува на периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2027 година.




Кандидатите кои ќе се стекнат со уверение за ревизор издадено од ИОРРСМ стекнуваат право на признавање на осум (8) од вкупно тринаесет (13) предмети од програмата за професионална квалификација на ACCA.

Севкупниот процес за доставување барање за акредитација беше спроведен во соработка со Катедрата за сметководство и ревизија на Економскиот факултет при УКИМ – Скопје, односно Проф.д-р. Зорица Божиновска Лазаревски, Проф.д-р. Атанаско Атанасовски, Проф.д-р. Марина Трпевска и асист.м-р. Иван Дионисијев.

Во октомври 2023 година, ИОРРСМ склучи договор со ACCA, со кој што на членовите на ИОРРСМ им се дава можност да се запишат за полагање на испитите на ACCA, со промотивни финансиски услови. Промоцијата важи само за запишување на членови на ИОРРСМ, кои се нови кандидати за полагање на испитите на ACCA.

---
[4] Association of Chartered Certified Accountants

***CNCC & CSOEC (Француски конзорциум)***

Од 26-29 април, контролорите на квалитет, вработени во ИОРРСМ, овластен ревизор Бранка Стојановска и овластен ревизор Марјонка Николовска посетуваа он-лајн обука за контрола на квалитет, согласно законските барања, а организирана од францускиот конзорциум составен од Compagnie Nationale Des Commissaires Aux Comptes - CNCC и Consel Superieur de l'Ordre Des Experts Comptables – CSOEC. Предавач беше г-дин Marc Konczaty. На горенаведените лица ИОРРСМ им издаде сертификат за завршена обука за контрола на квалитет.

***CEF[5] и CIPFA[6]***

На 18 мај претставник на контролата на квалитет, вработен во ИОРРСМ, присуствуваше на он-лајн настан на тема “Making Government Services Work Better for Citizens” во организација на Chartered Institute of Public Finance and Accountancy (CIPFA).

***Соработка со Министерство за финансии на Република Северна Македонија***

Управниот одбор на ИОРРСМ достави до Министерството за финансии допис со барање да се најде соодветно решение во врска со член 19 став 9 од Законот за ревизија, според кој што ИОРРСМ е надлежен за објавување на Меѓународните стандарди за ревизија и Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители во Службен весник на Република Северна Македонија.

Се работи за текстот на:

1. Меѓународните стандарди за ревизија и другите релевантни објави на IFAC (2018 Handbook of International Quality Control, Auditing, Review, Other Assurance, and Related Services Pronouncements (978-1-60815-389-3) - Published Dec 17, 2018, Vol 1 и Vol. 2, издадени од страна на IFAC , од англиски на македонски јазик, како и
2. Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители во Службен весник на Република Северна Македонија. (Handbook of the International Code of Ethics for Professional Accountants (including International Independence Standards) – 2020 Edition), издаден на англиски јазик од страна на IFAC, во декември 2020 година,

се преведени и објавени на веб страната на ИОРРСМ, во посебниот дел за членовите, како неофицијален текст. Преостанува истите да се објават и во Службен весник на Република Северна Македонија заедно со подзаконски акт, за што постојат пречки како од правен, така и од финансиски аспект. ИОРРСМ во неколку наврати се обрати до Министерството за финансии за да се изнајде адекватно решение во врска со делегирање на надлежноста за објавување на стандардите, а со цел и побрзо да се објават веќе преведените стандарди, а сега и кодексот, за да не застари преводот за кој што ИОРРСМ веќе има вложено поголем износ на финансиски средства.

***Соработка со Совет за унапредување и надзор на ревизија на Република Северна Македонија (СУНРРСМ)***

ИОРРСМ до СУНРРСМ достави материјали согласно утврдениот модел за известување и размена на информации и податоци помеѓу ИОРРСМ и СУНРРСМ во однос на спроведување на контрола на квалитетот, како и во однос на преостанатите активности на ИОРРСМ.

На 30 март 2022 година, Претседателот на ИОРРСМ, Драган Димитров, одржа состанок за запознавање со новиот Претседател на СУНРРСМ, г-дин Александар Наумоски.

[5] Center of Excellence in Finance
[6] The Chartered Institute of Public Finance and Accountancy

Во 2022 година, СУНРРСМ даде согласност на следните акти на ИОРРСМ:

- ✓ Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2022 година.
- ✓ Програма за полагање на испитот за стекнување на звање ревизор.
- ✓ Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2021 година.
- ✓ Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2022 година.
- ✓ Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за периодот 2022 – 2024 година.
- ✓ Годишен извештај за наодите од извршените контроли на квалитет за 2020/2021 година.

ИОРРСМ достави до СУНРРСМ забелешки по предлог Законот за ревизија (ревидиран по разгледување на забелешките доставени преку ЕНЕР) за натамошно разгледување и постапување.

ИОРРСМ до СУНРРСМ достави допис со барање за појаснување на Известувањето доставено од страна на СУНРРСМ до друштвата за ревизија/овластени ревизори – трговци поединци во врска со обврската за Годишно осигурување од одговорност од штета при вршење на професионална дејност, утврдени во член 24 став(1) точка 4) и член 25 став (2) точка 3) во Законот за ревизија, со кое се бара од друштвата покрај почитување на минималната сума за покривање по штетен настан во зависност од праговите на остварен приход, да не биде вклучена франшиза (учество во штета) за корисникот на осигурувањето. Дописот беше доставен бидејќи во член 24 и член 25 на Законот за ревизија не се наведени такви барања, со дополнително барање за насоки како соодветно да постапуваат друштвата за ревизија во поглед на ова барање.

### ***Соработка со професионални организации и други институции во Република Северна Македонија***

Претставници на стручната служба на ИОРРСМ, активно учествуваа во онсајт мисијата како дел од процесот на 5-от круг на евалуација на системот за СПП/ФТ од страна на Moneyval Комитетот при Советот на Европа во организација на **Управата за финансиско разузнавање (УФР)**. Мисијата беше во посета на државата за подготовката на нацрт Извештај за техничката усогласеностна нашиот систем за спречување на перење пари и финансирање на тероризам со препораките на ФАТФ. Врз основа на доставените податоци и информации од страна на ИОРРСМ како и други активности на евалуаторите, во т.н Scoping Note извештај, ревизорската професија во нашата земја беше оценета како професија со особено низок ризик од перење на пари и финансирање тероризам.

На 24 февруари 2022 година, двајца претставници на ИОРРСМ, по еден од друштвата за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ - Скопје и Ернст и Јанг - овластени ревизори ДОО Скопје, присуствуваа на еднодневна он-лајн работилница за индикатори за препознавање на сомнителни трансакции поврзани со финансирање тероризам, организирана од Управата за финансиско разузнавање.

На 13 јануари 2022 година, Драган Димитров, Претседателот на ИОРРСМ, и Крсто Несторов,член на Управниот одбор оствари состанок за запознавање со директорот на **Управата за јавни приходи (УЈП)**, г-ѓа Сања Лукаревска. На состанокот меѓу другото беше договорено да се разгледа можноста за обезбедување обуки од страна на даночната академија на УЈП за овластени ревизори и обезбедување на обуки од страна на ИОРРСМ за вработените на УЈП на теми за МСФИ.

На 13 април, Претседателот на ИОРРСМ Драган Димитров присуствуваше на Јавна расправа по предлог **Законот за сметководствени работи**, организирана од Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Северна Македонија.

На 29 ноември, претставник на стручната служба на ИОРРСМ, присуствуваше на запознавачки состанок со акредитираните правни лица за спроведување на КПУ за сметководители и овластени сметководители организиран од **Институтот на сметководители и овластени сметководители на РСМ (ИСОС)** во просториите на

Стопанска Комора на РСМ. На 02 декември, претседателот, генералниот секретар на ИОРРСМ и претставници на стручната служба на ИОРРСМ одржаа состанок за запознавање со в.д Претседателот на ИСОС, г-ѓа Весна Прентоска, на кој што беа дискутирани теми од заеднички интерес за двете професии.

На 22 ноември 2022 година, ИОРРСМ и **Здружение на внатрешни ревизори на РСМ (ЗВРСМ)** организираа заеднички КПУ настан на тема – *Разрешување на конфликти и унапредување на презентациски вештини*. На 02 декември, претседателот на ИОРРСМ присуствуваше на конференција, во организација на ЗВРСМ на тема *Audit climate change*.

На 20 декември, претставници на Управниот одбор на ИОРРСМ, присуствуваа на настан по повод јубилејот 10 години постоење на **Комората на проценувачи на РСМ (КПРСМ)** во организација на Комората на проценувачи во хотелот DoubleTree by Hilton во Скопје.

По покана од **Министерство за економија** за номинирање претставник во работна група за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија, Управниот одбор на ИОРРСМ го номинираше Крсто Несторов, член на Управниот одбор. Претставникот од ИОРРСМ е предвиден во делот 6.2. Сметководство и ревизија / Институција носител-Министерство за финансии. Во периодот од ноември 2022 година, Крсто Несторов учествуваше на состаноци на работна група за Поглавје 06 Право на трговски друштва, на кои што ЕК го презентираше новиот корпус на ЕУ acquis, во организација на Секретаријатот за европски прашања. Билатералниот скрининг на Европска комисија за Поглавјето 6, беше закажан за 27 јануари 2023 година.

На 22 декември 2022 година, се одржа заеднички КПУ настан на ИОРРСМ и **Економскиот факултет – Скопје, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"**, на тема *Сметководствената и ревизорската професија против корупцијата и измамите.* За присуство на настанот се признаваа 7 КПУ часа за 2022 година за овластените ревизори.

На 10 ноември 2022 година, **Економски факултет при Универзитет Гоце Делчев Штип** организираше настан за одбележеување на Меѓународниот денм на смертководството. Претседателот на Комисијата за сметководствени стандарди на ИОРРСМ, Игор Митевски, учествуваше на настанот и одржа презентација на тема *Сметководство и ревизијата во дигиталната ера: предизвици и трендови.*

ИОРРСМ имаше комуникација со **Народна банка на РСМ** во врска со одлуката за содржина на ревизијата на годишните финансиски извештаи и на работењето на банката.

## II. Активности на телата на ИОРРМ

### Собрание

На 31-ви март, 2022 година, во 15.00 часот, се одржа 30-та седница на Собранието на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), преку видео конференција земајќи ја предвид ситуацијата во државата настаната поради пандемијата поради вирусот Ковид-19. На седницата беше усвоено следното:

- Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2021 година.
- Одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на ИОРРСМ за годината која завршува на 31.12.2021 година, и извештајот на ревизорот за финансиските извештаи на ИОРРМ за годината која завршува на 31.12.2021 година.
- Одлука за именување на еден овластен ревизор, член на ИОРРСМ, за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за овластен ревизор Лидија Нануш.

На 30-та седница на Собранието беа спроведени и избори за именување на еден овластен ревизор, член на ИОРРСМ, за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија заради истекување на мандатот. По објавениот повик за пријавување на интерес за назначување на претставник на ИОРРСМ, за член на СУНРРСМ, се пријави само овластен ревизор Лидија Нануш, која уредно и навремено ги достави релевантните документи. Изборите беа спроведени со тајно гласање, согласно Статутот на ИОРРСМ. На седницата за член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, беше избрана овластен ревизор Лидија Нануш.

### Надзорен одбор

Во 2022 година, Надзорниот одбор на ИОРРСМ ги разгледа следните:

- Годишната сметка на ИОРРСМ и Даночниот биланс за 2021 година, и други прашања поврзани со сметководствената евиденција и работењето на ИОРРСМ.
- Нацрт извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи на ИОРРСМ за 2021 година.
- Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2021 година и Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2022 година.

Надзорниот одбор усвои:

- Извештај за работењето на Надзорниот одбор на ИОРРСМ за 2021 година, доставен до Собранието на ИОРРСМ.

По спроведени избори за членови на телата и органите на ИОРРМ заради истекување на мандатот од три години на 27-тата седница на Собрание, а согласно член 26 став (4) од Статутот на ИОРРСМ, Надзорниот одбор на ИОРРСМ за претседател на Надзорниот одбор ја избра Кристина Тилиќ.

Надзорниот одбор разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### Управен одбор

Во 2022 година, Управниот одбор одржа седумнаесет седници на кои што ги усвои/ одобри следните:

- Тримесечни извештаи за работа на ИОРРСМ, доставени до СУНРРСМ и Надзорниот одбор на ИОРРСМ, заради редовно информирање.
- Одлуки за издавање на уверение за ревизор за лица кои го положиле испитот за стекнување звање ревизор.

- Одлуки за издавање на уверение за ревизор за лица кои квалификацијата за ревизор ја стекнале во странство.
- Препораки за зачленување на овластени ревизори во ИОРРСМ и препораки за престанок на членство во ИОРРСМ на овластени ревизори.
- Препораки за зачленување на друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци ИОРРСМ.
- Финансиски план на ИОРРСМ за 2022 година.
- Годишна програма за Континуирано професионално усовршување за 2022 година.
- Предлог Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2021 година, доставен до Собранието на ИОРРСМ за усвојување.
- Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за 2022 година, што се доставува до СУНРРСМ за давање согласност.
- Тригодишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги за периодот 2022-2024 година, што се доставува до СУНРРСМ за давање согласност.
- Годишен извештај за наодите на извршените контроли на квалитет согласно Годишниот план за 2020/2021 година, што се доставува до СУНРРСМ за давање согласност.
- Пописен елаборат од пописната комисија за утврдените состојби при пописот на средствата и обврските на ИОРРСМ со состојба на 31.12.2021 година.
- Мислења за утврдување адекватност/веродостојност на Програма според која кандидатите стекнале квалификација за ревизори во странство, во постапка за признавање на квалификацијата стрекната во странство.
- Одлуки за поведување на дисциплинска постапка против членови на ИОРРСМ по разни основи и одлука за повторување на дисциплинска постапка против овластен ревизор – трговец поединец, по судска пресуда.
- Одлука за изрекување дисциплинска мерка - Времено исклучување од членство за период од 18 месеци за Друштво за ревизија и услуги 'РУЛЕ' ДООЕЛ Скопје. Мерката е изречена заради незадоволително ниво на постапување во согласност со утврдените ревизорски правила при вршење на ревизијата и по препораките дадени во извештаите за контрола на квалитетот, односно поради прекршување на член 32 од Законот за ревизија.
- Одлука за изрекување на дисциплинска мерка – Времено исклучување од членство за период од 2 години за ТП Ревизор Бабамов – Струмица, и тоа за периодот од 04.03.2020 година до 03.03.2022 година. Со оглед што времето за кое е изречена дисциплинската мерка времено исклучување од членство за период од две години од оправдани причини е истечено, се смета дека дисциплинската мерка е издржана. по правосилна судска пресуда. Мерката е изречена заради незадоволително ниво на постапување во согласност со утврдените ревизорски правила при вршење на ревизијата и по препораките дадени во извештаите за контрола на квалитетот, односно поради прекршување на член 22(ѓ), член 31 и член 32 од Законот за ревизија.
- Одлука за изрекување дисциплинска мерка - Времено исклучување од членство за период од 6 месеци за Славица Дреноска, врз основа на член 15 став (1) алинеа 5 од Статутот на ИОРРСМ и член 4 став (3) точка 1 алинеа ii од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.
- Одлуки за изрекување дисциплинска мерка – Јавна Опомена, за Љубинка Семенкова, Јулијана Тодоровска и Маре Јовановска, врз основа на член 15 став (1) алинеа 5 од Статутот на ИОРРСМ и член 4 став (1) точка 1 алинеа i од Правилникот

за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

- Одлука за изрекување дисциплинска мерка – Трајно исклучување од членство, за Виолета Јаковлеска, Васе Мојаноска, Мирка Александрова, Софија Јанчева – Белчева, врз основа член 15 став(1) алинеа 5 од Статутот на ИОРРСМ и член 4 став (4) точка 1 алинеа vi од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.
- Предлог за одземање на лиценца на овластени ревизори согласно член 28 од Законот за ревизија за доставување до СУНРРСМ за понатамошно постапување.
- Одлука за изрекување дисциплинска мерка - Јавна Опомена, за овластен ревизор-трговец поединец 'ТП ЈЈ АУДИТ – Консалтинг Куманово'. Мерката е изречена заради незадоволително ниво на постапување во согласност со утврдените ревизорски правила при вршење на ревизијата и по препораките дадени во извештаите за контрола на квалитетот, односно поради прекршување на член 32 од Законот за ревизија.
- Ревидирана Структура на испитни прашања ажурирана согласно расположливата база на прашања, а по предлог на Комисијата за спроведување на испитот.
- Прирачник за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор.
- Превод на Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители објавен од IFAC, Handbook of the International Code of Ethics for Professional Accountants (including International Independence Standards) – 2020 Edition), издаден на англиски јазик од страна на IFAC, во декември 2020 година.
- Годишна програма за работа на ИОРРСМ за 2023 година, со оперативен план. Годишната програма се доставува до СУННРСМ за добивање на согласност.
- Правилник за остварување на правата на субјектот на личните податоци (право на пристап/исправка/бришење/преносливост).
- Правилник за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите.
- Одлука за продолжување на мандат на член на Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори, која што се одобрува на следна наредна седница на Собранието на ИОРРСМ.
- Одлука за попис на средствата и обврските на ИОРРСМ со состојба на 31.12.2022 година и Одлука за формирање на Комисија за попис на средствата и обврските на ИОРРСМ.

Согласно член 20-а став (4) од Законот за ревизија, Управниот одбор разгледуваше доставени приговори по извештаи за извршена контрола на квалитет доставени од страна на друштва за ревизија. Исто така, разгледа извештаи од контролата на квалитет, кои што согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија ги достави до СУНРРСМ. Управниот одбор го разгледа Годишниот план за проверки на контрола на квалитетот за 2022/2023 година и го проследи до СУНРРСМ.

Управниот одбор на ИОРРСМ разгледа и одобри кварталните извештаи за спроведување на контроли на квалитет, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за редовно квартално известување, информациите од Комисија за контрола на квалитет за друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци кај кои што контролата на квалитет не била извршена во период подолг од 3 години, за доставување до СУНРРСМ на нивно барање за полугодишно известување и други мислења и насоки на Комисијата за контрола на квалитетот. Овие материјали се доставуваат до СУНРРСМ согласно утврдениот модел за известување и размена на информации и податоци помеѓу ИОРРСМ и СУНРРСМ во однос на спроведување на контрола на квалитетот, како и во однос на преостанатите активности на ИОРРСМ.

Ги разгледа Извештаите за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор во испитната сесија декември 2021 година и јуни/јули 2022, доставени од доставен од

страна на Комисијата за спроведување на испитот, и Извештајот за спроведување на КПУ во 2021 година, доставен од Комисијата за образование обука и публикации. Исто така, го разгледа извештајот за периодична контрола на документацијата за 2021 година, прегледана од Комисијата за регистрација во 2022 година.

Управниот одбор на ИОРРСМ на 23.08.2022 година, ја одржа својата 200-та јубилејна седница со место на одржување Хотел Парк, Скопје. По одржувањето на формалниот работен дел од седницата, јубилејот беше одбележан со пригоден коктел на кој покрај постојните беа поканети сите поранешни членови на Управниот одбор на ИОРРСМ низ годините, како и претстедателот на СУНРРСМ.

На почетокот на месец јануари 2022 година, ИОРРСМ испрати иницијатива до друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци, членови на ИОРРСМ за координација на активности за имплементација на Законот за заштита на лични податоци.

Управниот одбор на ИОРРСМ достави до СУНРРСМ забелешки по предлог Законот за ревизија (ревидиран по разгледување на забелешките доставени преку ЕНЕР) за натамошно разгледување и постапување.

Управниот одбор на ИОРРСМ достави до Министерството за финансии допис со барање во врска со објавување во Службен весник на РСМ на преводот на Меѓународните стандарди за ревизија и Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители.

Управниот одбор разгледуваше предлози и барања доставени до Управниот одбор од страна на членовите и комисиите на ИОРРСМ, дописи доставени од СУНРРСМ, како и од страна на надворешни заинтересирани страни.

## ➢ Комисии на ИОРРМ

### 1. *Комисија за регистрација на ревизори и овластени ревизори*

Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори:

- Разгледа доставени барања за зачленување во ИОРРСМ и до Управниот одбор достави Препораки за зачленување на нови овластени ревизори, овластени ревизори – трговци поединец и друштва за ревизија.
- Разгледа доставени барања за престанок на членство во ИОРРСМ и усвои Препораки за престанок на членство во ИОРРСМ за овластени ревизори.
- Разгледа доставени барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство. По спроведена постапка согласно *Правилникот за начинот и постапката на добивање уверение за ревизор за лица кои поседуваат уверение за ревизор стекнато во странство*, достави предлози до Управниот одбор на ИОРРСМ за издавање уверенија за ревизор за баратели кои квалификацијата за ревизор ја стекнале во странство.
- Достави известувања до Управниот одбор на ИОРРСМ за лица кои стекнале право за добивање уверение за ревизор, врз основа на добиен Список на кандидати кои ги положиле сите испити од *Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор*, од Комисијата за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор, за испитните сесии декември 2021 година и јуни/јули 2022 година.
- Разгледуваше доставени документи во рамките на спроведување на периодична контрола за документацијата за 2021 година на друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци, согласно *Правилникот за начин и постапка за вршење периодична контрола*, и усвои Извештај за периодична контрола на документацијата за 2021 година, прегледана од комисијата за регистрација во 2022 година.

Комисијата разгледуваше доставени информации за ажурирање на регистрите што ги води ИОРРСМ, како и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## 2. *Комисија за контрола на квалитетот на ревизорските услуги*

Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги подготви и усвои:

- Предлог Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2022 година и предлог Тригодишна програма за работа на Комисијата за периодот 2022 – 2024 година.
- По барање на СУНРРСМ, подготви и усвои квартални извештаи за извршените контроли и Полугодишни извештаи на друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци на кои контрола на квалитет не била извршена во период подолг од три години, како и други известувања, согласно добиените барања од СУНРРСМ.
- Усвои Годишен план за контрола на квалитет за 2021/2022 година со термински план.
- Предлог Годишен извештај за наодите од извршените контроли на квалитет согласно Годишниот план за 2021/2022 година.
- Ревидиран термински план на контрола на квалитет за 2022/2023 година.
- Во рамките на постапката за контрола на квалитет, до друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци се достави барање за доставување на годишни податоци до 15.06.2022 и ажурирани годишни податоци со состојба на 30.09.2022 година, преку пополнување на образец Годишен извештај на активности и образец Прашалник за прелиминарни податоци.

Комисијата и контролорите на квалитет извршуваа активности поврзани со спроведување на контрола на квалитет според Годишниот план за контрола на квалитет за 2021/2022 и 2022/2023 година, како и други актуелни прашања поврзани со надлежностите на комисијата согласно Статутот.

Од 09.04.2015 година, назначен претставник на СУНРРСМ, учествува во работата на Комисијата за контрола на квалитетот на ревизорските услуги на ИОРРСМ, согласно член 8 став (1) точка 6) од Законот за ревизија.

## *3. Дисциплинска комисија*

Дисциплинската комисија врз основа на одлуки на Управниот одбор за поведување на дисциплинска постапка против членови на ИОРРСМ, спроведуваше дисциплински постапки согласно Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ, Статутот на ИОРРСМ и Законот за ревизија, односно:

- Спроведе дисциплинска постапка за Друштво за ревизија и услуги ‘РУЛЕ’ ДООЕЛ Скопје. Врз основа на Заклучок од доказна постапка Дисциплинската комисија подготви и усвои Препорака до Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ – Времено исклучување од членство за Друштвото за ревизија и услуги РУЛЕ ДООЕЛ Скопје, поради повреда на член 32 од Законот за ревизија.
- Спроведе дисциплинска постапка против овластени ревизори кои ја немаат подмирено обврската за плаќање на членарина. Врз основа на Заклучок од доказна постапка Дисциплинската комисија подготви и усвои Препораки до Управниот одбор за трајно исклучување од членство на овластени ревизори.
- Спроведе дисциплинска постапка за овластен ревизор-трговец поединец. Врз основа на Заклучок од доказна постапка Дисциплинската комисија подготви и усвои Препорака до Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување дисциплинска мерка на

член на ИОРРСМ – Јавна опомена, поради повреда на член 32 од Законот за ревизија.

- Повторно спроведе дисциплинска постапка за овластен ревизор-трговец поединец. Врз основа на Заклучок од доказна постапка Дисциплинската комисија подготви и усвои Препорака до Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ – Времено исклучување од членство за период од две години со траење од 04.03.2020 година до 03.03.2022 година, поради повреда на етичките барања заради необезбедување на заштита на независноста согласно член 31 од Законот за ревизија, непостапување согласно Законот за ревизија во однос на барањето за ротација, член 40 од Законот за ревизија, непостапување согласно член 32 од Законот за ревизија за примена на ревизорски стандарди, не постапување по препораките дадени во извештајот за контрола согласно став (1) точка 1) од член 22 ѓ од Законот за ревизија, непостапување во согласност со утврдените рев правила за вршење на рев и утврдените квантитативни и квалитативни критериуми за човечките ресурси и другите средства ангажирани при вршењето на ревизијата, став (1) точка 3) од член 22 ѓ од Законот за ревизија, непостапување по препораките дадени во извештајот од втората проверка на контрола на квалитет со оценка 'Незадоволително', согласно член 5 став (2) точка 1) алинеа i од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ, Не постапување во согласност со утврдените ревизорски правила за вршење на ревизијата и утврдените квантитативни и квалитативни критериуми за човечките ресурси и другите средства ангажирани при вршењето на ревизијата, оценката од третата проверка на контрола на квалитет во друштвото за ревизија, односно кај овластениот ревизор – трговец поединец е 'Незадоволително' согласно член 5 став (2) точка 1) алинеа iii од Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

Дисциплинската комисија разгледуваше дописи и други актуелни прашања, и спроведуваше активности согласно надлежностите на комисијата уредени со Статутот и Правилникот за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРСМ.

### *4. Комисија за образование, обука и публикации*

Комисијата за образование, обука и публикации:

- Ги подготви и одобри тримесечните изданија на Билтенот на ИОРРСМ, кој што преку е-пошта се доставува до членовите на ИОРРСМ.
- Подготви и усвои Извештај за спроведување на Континуирано професионално усовршување во 2021 година, доставен до Управниот одбор на ИОРРСМ.
- Подготви предлог Годишна програма за континуирано професионално усовршување (КПУ) за 2022 година, со предлог за начинот на спроведување и датуми и локации за спроведување на настаните за КПУ. При тоа, беа земени предвид препораките за Комисијата за образование, обука и публикации во Годишниот извештај за проверки на контрола на квалитет за 2019/2020 и 2020/2021 година, евалуациите на учесниците на настаните за КПУ одржани во 2021 година и други релевантни информации и податоци.
- Спроведе подготвителни активности за настаните согласно Годишната програма за КПУ за 2022 година и разгледуваше прашања поврзани со спроведување на настаните за КПУ.
- Утврди презентации за електронско спроведување на КПУ (8 КПУ часа) за 2022 година, што ќе се спроведе во јануари 2023 година.
- Утврди настани за КПУ кои што ќе бидат повторно понудени за следење, како КПУ настани за 2022 година, само за членови на ИОРРСМ кои не успеале да учествуваат на настаните при нивното првично спроведување. Настаните ќе бидат понудени во 2023 година како часови за КПУ за 2022 година.

- Достави предлози до Управниот одбор за времено ослободување од обврската за присуство на настаните за КПУ организирани од ИОРРСМ по разгледување на доставени барања на овластени ревизори, членови на ИОРРСМ, а согласно Правилникот за спроведување на КПУ.
- Разгледуваше доставени документи во врска со барања за признавање на квалификација за ревизор стекната во странство и подготви Мислења за утврдување адекватност/веродостојност на програма според која кандидатот стекнал квалификација ревизор во странство.

Комисијата за образование, обука и публикации разгледуваше актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

## *5. Комисија за спроведување на испитот за стекнување на звањето ревизор*

Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звањето ревизор:

- Подготви предлог до Управниот одбор на ИОРСРМ за спроведување на испитните сесии јуни/јули 202 година и декември 2022 година.
- Разгледуваше доставени барања за полагање на испитот и придружната документација од заинтересираните кандидати по објавен Повик за пријавување на кандидати за полагање на испитот, за утврдување на исполнување на условите за полагање на испитот за стекнување звање ревизор.
- Извршуваше подготвителни активности за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор за испитните сесии јуни/јули 2022 година и декември 2022 година. Меѓудругото, назначи коодинатор и оценувачи за двете испитни сесии посебно, и ги утврди датумите за полагање на испитите.
- Ги утврди резултатите од испитните сесии што се одржаа во декември 2021 година и јуни/јули 2022 година. До Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори достави Список на кандидати кои ги положиле сите испити од Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор на ИОРРСМ, за постапка на издавање уверение за ревизор.
- Усвои Извештаи за оценување по барање на кандидати кои го полагаа испитот.
- Комисијата подготви и усвои извештаи за спроведувањето на испитот за стекнување на звање ревизор во испитните сесии декември 2021 година и јуни/јули 2022 година, доставени до Управниот одбор на ИОРРСМ.
- Подготви и усвои извештаи за положен испит од областа на законска регулатива во РСМ, по барања доставени од Комисијата за регистрација на ревизори и овластени ревизори, за баратели кои квалификацијата за ревизор ја стекнале во странство.
- Усвои предлог до Управниот одбор на ИОРРСМ за спроведување на испитот за стекнување звање ревизор до Управниот одбор на ИОРРСМ во врска со ажурирање на базата на прашања за предметот Финансиско сметководство и предметот Корпоративно управување и етика, а поврзано со постапката за акредитација од страна на АССА.
- Подготви предлог ревидирана Структура за полагање на испитот, во делот Финансиско сметководство.
- Подготви предлог ревидиран Прирачник за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор.

Комисијата разгледуваше актуелни прашања поврзани со спроведување на испитот за стекнување звање ревизор и постапката за признавање на квалификација за ревизор стеката во странство.

### *6. Комисијата за стандарди за ревизија*

Комисијата за стандарди за ревизија го разгледа и одобри преводот на Меѓународниот кодекс за етика на професионалните сметководители (Handbook of the International Code of Ethics for Professional Accountants (including International Independence Standards) – 2020 Edition), издаден на англиски јазик од страна на IFAC, во декември 2020 година, од англиски на македонски јазик, извршен од страна на Група физички лица Александра Мишковска и други.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања поврзани со надлежностите согласно Статутот.

### *7. Комисијата за сметководствени стандарди*

Комисијата за сметководствени стандарди разгледа барање за мислење за примена на МСС/МСФИ и достави мислење до Управниот одбор за натамошно проследување.

Комисијата разгледуваше и други актуелни прашања, согласно надлежностите на комисијата уредени со актите на ИОРРСМ.

## III. Управни и други судски спорови

Управни спорови

На ден 12.01.2021 година, Вишиот Управен суд на Република С.Македонија донесе Решение со кое се отфрла како недозволена жалбата на тужениот Институт на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), изјавена против пресудата на Управниот Суд со која беше уважена тужбата на тужителот ТП Ревзиор Бабамов Струмица. Со тоа стана правосилна пресудата на Управниот суд со која што е поништена Одлуката за изрекување на дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ - времено исклучување од членство за ТП Ревизор Бабамов Струмица. Со пресудата ИОРРСМ беше задолжен за повторно разгледување и одлучување по предметот. На седница одржана на ден 22.02.2021 година, Управниот одбор постапи по напатствијата од правосилната судска пресуда, повторно го разгледа предметот за овластен ревизор ТП Ревизор Бабамов Струмица и донесе Одлука за изрекување на дисциплинска мерка времено исклучување од членство во ИОРРСМ за период од две години. На 13.07.2021 година, против Одлуката на Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување на дисциплинска мерка, ТП Ревизор Бабамов Струмица, како тужител поведе судски спор пред Управниот суд.

На 25.03.2022 година, Управниот суд на Република С.Македонија донесе Пресуда со која што се уважува тужбата на тужителот ТП Ревизор Бабамов Струмица, а се поништува Одлуката за изрекување на дисциплинска мерка времено исклучување од членство во ИОРРСМ за период од две години на Институт на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ), жалба не е дозволена и предметот се враќа на повторно одлучување во ИОРРСМ.

На седница одржана на ден 01.06.2022 година, Управниот одбор постапи по напатствијата од судската пресуда, повторно го разгледа предметот и спроведе дисциплинска постапка за овластен ревизор ТП Ревизор Бабамов Струмица, по што донесе Одлука за изрекување на дисциплинска мерка времено исклучување од членство во ИОРРСМ за период од две годинии и тоа за времето за периодот од 04.03.2020 година до 03.03.2022 година. Со оглед што времето за кое е изречена дисциплинската мерка времено исклучување од членство за период од две години од оправдани причини е истечено, се смета дека дисциплинската мерка е издржана.

На ден 01.11.2022 година, овластен ревизор ТП Ревизор Бабамов Струмица поведе управен спор, пред Управниот суд Скопје, против Одлуката за изрекување на дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ од 01.06.2022 година донесена од страна на Управниот одбор на ИОРРСМ. Постапката пред Управниот суд е во тек.

На ден 14.11.2022 година, овластен ревизор ТП Ревизор Бабамов Струмица поведе управен спор, пред Управниот суд Скопје, против Одлуката за повторување на дисциплинска постапка против член на ИОРРСМ од 20.04.2022 година, донесена од

страна на Управниот одбор на ИОРРСМ, по напатствија од судска пресуда. Постапката пред Управниот суд е во тек.

Во врска со предметот по тужба на Одлука на Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување на дисциплинска мерка трајно исклучување од членство во ИОРРСМ за овластен ревизор Стојанчо Коцев, на 02.12.2021 година Вишиот управен суд, постапувајќи по жалба изјавена од тужител Стојанчо Коцев на пресуда во полза на ИОРРСМ, донесе решение со кое што жалбата на тужителот се уважува и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно разгледување и одлучување. На 09.03.2022 година, Управниот суд Скопје со пресуда ја уважи тужбата на тужителот Стојанчо Коцев. Незадоволен од одлуката на судот, ИОРРСМ на 21.03.2022 година, поднесе жалба против пресудата. Постапката пред Управниот суд е во тек.

На ден 17.02.2022 година, Друштвото за ревизија и услуги 'РУЛЕ' ДООЕЛ Скопје, поведе управен спор, пред Управниот суд Скопје, против Одлуката за изрекување дисциплинска мерка времено исклучување од членство за период од 18 (осумнаесет) месеци, на член на ИОРРСМ од 20.01.2022 година на Управниот одбор на ИОРРСМ. Првостепениот суд одлучи во полза на ИОРРСМ, на што тужителот достави жалба до Вишиот управен суд. На ден 16.11.2022 година, Вишиот управен суд, донесе правосилна судска пресуда во полза на ИОРРСМ, со што ја потврди Одлуката за изрекување дисциплинска мерка на член на ИОРРСМ од 20.01.2023 година на Управниот одбор на ИОРРСМ и истата останува во сила. На 27.12.2022 година, СУНРРСМ донесе Решение за времено одземање на лиценцата на друштвото за период од 18 месеци.

Граѓански судски спорови

Во 2021 година ИОРРСМ како тужител поведе постапки пред Основниот граѓански суд за наплата на побарувања произлезени од издадени фактури во постапка од контрола на квалитет. Поведени се постапки против 3 друштва за ревизија и 2 овластени ревизори - трговци поединци. Во 2021 година, постапката за наплата на побарување произлезена од издадена фактура во постапка од контрола на квалитет против овластен ревизор ТП РЕВИЗИЈА КОТЕВ е завршена во корист на ИОРРСМ и побарувањето е наплатено.

На ден 27.06.2022 година, Апелационен суд Штип донесе пресуда во корист на ИОРРСМ во парнична постапка за наплата на побарување по фактура за извршена контрола на квалитет за ТП Ревизор Бабамов - Струмица. Парничниот спор е завршен, пресудата е правосилна и извршена.

На ден 14.09.2022 година, две постапки за наплата на побарувања против две друштва за ревизија се одлучени во корист на ИОРРСМ, предметите се во жалбена постапка пред Апелациониот суд – Скопје.

Преостанува и една постапка за наплата на побарување произлезено од издадена фактура во постапка од контрола на квалитет против едно друштво за ревизија, која што сеуште се наоѓа на одлучување во прв степен.

## IV. Финансиски информации

Во 2022 година, ИОРРСМ оствари приходи од членарина за овластените ревизори, друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци, спроведување на испитот за стекнување звање ревизор, спроведување на КПУ за овластени ревизори и друго.

Подолу е дадена табела со споредбени информации во однос на Финансискиот план на ИОРРСМ за 2022 година и реализираните приходи и расходи во 2022 година, споредбен податок со 2021 година, учество на приходи/расходи по одделни ставки во вкупните приходи/расходи, и процент на реализирано во однос на планирано за 2022 година.

| | Приходи | Број на лица | Износ по лице | Коментар | Вкупно планирано 2022 | Вкупно реализирано 2022 | Вкупно реализирано 2021 | Реализирано 2022 во однос на 2021 (отстапување) | Реализирано 2022 во однос на планирано (отстапување) | Учество во вкупни приходи 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | (денари) | | (денари) | (денари) | (денари) | % | % | % |
| 1 | **Приходи** | | | | | | | | | |
| 1,1 | Членарина - овластени ревизори | 200 | 6.000 | | 1.200.000 | 1.194.000 | 1.194.000 | 0,0% | -0,5% | 10% |
| 1,2 | Членарина - друштва за ревизија и овластени ревизори - трговци поединци | 1% од вкупни приходи во претходната година | | | 6.600.000 | 6.664.637 | 6.467.640 | 3,0% | 1,0% | 56% |
| 1,3 | Надомест за полагање на испит за стекнување звање ревизор | 110 | 9.200 | 2 сесии по 65 испити | 1.012.000 | 809.400 | 1.064.000 | -23,9% | -20,0% | 7% |
| 1,4 | Семинари (обука за алатки, практичен семинар, испит) | | | | 150.000 | 77.000 | 99.000 | -22,2% | -48,7% * | 1% |
| 1,5 | Континуирано професионално усовршување | 200 | 10.000 | | 2.000.000 | 2.069.000 | 1.768.000 | 17,0% | 3,5% | 17% |
| 1,6 | Контрола на квалитет | | | | 900.000 | 877.219 | 1.029.763 | - | -2,5% | 7% |
| 1,7 | Стручна литература | | | | 120.000 | 47.400 | 111.600 | -57,5% | -60,5% * | 0% |
| 1,8 | Останати приходи | | | | 120.000 | 93.730 | 115.927 | -19,1% | -21,9% | 1% |
| | **Вкупно приходи** | | | | **12.102.000** | **11.832.386** | **11.849.930** | | | **100%** |

| | Расходи | % од приходи | | Коментар | Вкупно планирано 2022 | Вкупно реализирано 2022 | Вкупно реализирано 2021 | Реализирано 2022 во однос на 2021 (отстапување) | Реализирано 2022 во однос на планирано (отстапување) | Учество во вкупни расходи 2021 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | (денари) | (денари) | (денари) | % | % | % |
| 2 | **Расходи** | | | | | | | | | |
| 2,1 | Бруто плати и надоместоци | | | | 4.800.000 | 4.794.705 | 4.449.756 | 7,8% | -0,1% | 43% |
| 2,2 | Расходи за испитот | 50,00% | | (% од 1.3) | 506.000 | 533.560 | 394.304 | 35,3% | 5,4% | 5% |
| 2,3 | Расходи за семинари | 50,00% | | (% од 1.4) | 75.000 | 30.721 | 35.341 | -13,1% | -59,0% * | 0% |
| 2,4 | Расход за контрола на квалитетот | | | | 60.000 | 96.320 | 34.937 | - | 60,5% * | 1% |
| 2,5 | Расход за КПУ | 50,00% | | (% од 1.5) | 1.000.000 | 758.044 | 522.043 | 45,2% | -24,2% * | 7% |
| 2,6 | Стручна литература - подготовка, ажурирање и превод ( прирачници, алатка PACK PE) | | | | 150.000 | 8.531 | 21.542 | -60,4% | -94,3% * | 0% |
| 2,7 | Преводи и објавување на Кодекс на етика и објавување на МСР | | | | 1.000.000 | 243.098 | 0 | - | -75,7% * | 2% |
| 2,8 | Канцелариски трошоци | | | | 50.000 | 44.916 | 39.614 | 13,4% | -10,2% | 0% |
| 2,9 | Административни трошоци | | | | 200.000 | 219.993 | 193.543 | 13,7% | 10,0% | 2% |
| 2,10 | Телекомуникациски услуги | | | | 30.000 | 30.440 | 29.129 | 4,5% | 1,5% | 0% |
| 2,11 | Одржување на состаноци на телата на ИОРРСМ | | | | 900.000 | 799.243 | 832.536 | -4,0% | -11,2% | 7% |
| 2,12 | Комуналии | | | | 390.000 | 392.173 | 394.855 | -0,7% | 0,6% | 4% |
| 2,13 | Сметководство и ревизија на годишна сметка | | | | 200.000 | 234.060 | 193.126 | 21,2% | 17,0% | 2% |
| 2,14 | Совет за унапредување и надзор на ревизијата на РСМ | 15% од вкупни приходи од претходна година | | | 1.800.000 | 1.777.490 | 1.495.043 | 18,9% | -1,3% | 16% |
| 2,15 | Учество на меѓународни конференции и настани во земјата и странство | | | | 50.000 | 253.494 | 0 | - | 407,0% * | 2% |
| 2,16 | Членарина и други трошоци поврзани со членството во IFAC | | | | 275.000 | 274.785 | 256.733 | 7,0% | -0,1% | 2% |
| 2,18 | **Вкупно 2.1 - 2.17** | | | | **11.486.000** | **10.491.573** | **8.892.502** | 18,0% | -8,7% | |
| 2,19 | Други и непредвидени трошоци (% од 2.18) | 3,00% | | | 574.300 | 702.214 | 980.631 | -28,4% | 22,3% * | 6% |
| | **Вкупни расходи** | | | | **12.060.300** | **11.193.787** | **9.873.133** | | | **100%** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Нето приходи** | | | | **41.700** | **638.599** | **1.976.797** | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **Дополнителни информации:** | | | | | | | | | |
| 3,1 | Пренесени дел на вишокот на приходи од претходните години | | | | | 9.384.936 | | | | |
| 3,2 | Депозити | | | | | 8.000.000 | | | | |

*На [illegible] 2023 година, СУНРСМ даде согласност на Годишниот извештај за работа на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за 2022 година*

## *Позначајни отстапувања помеѓу планираните и реализираните приходи и расходи за 2022 година*

### 1. Приходи

**Семинари (обука за алатки, практичен семинар, испит).** Отстапување од -48,7% се должи на неодржани семинари за обука на кандидатите за полагање на испитот заради недоволен број на заинтересирани кандидати и неспроведени работилници/практични семинари.

**Стручна литература.** Отстапување од -60,5% се должи на помал интерес за набавка на материјали за полагање на испитот, во најголема мера заради помал број на кандидати и размена на материјали меѓу кандидатите.

### 2. Расходи

**Расходи за семинари.** Отстапување од -59,0% се должи на неодржани семинари за обука на кандидатите за полагање на испитот заради недоволен број на заинтересирани кандидати и неспроведени работилници/практични семинари.

**Расходи за контрола на квалитет.** Отстапување од 60,5% се должи на неможноста да се предвиди бројот и опфатот на проверки за контрола на квалитет во текот на годината. Во периодот од септември до декември 2022 година контролата се спроведуваше на терен, за разлика од 2021 година кога заради околностите со пандемијата на COVID-19 најголем дел од контролите се спроведуваа во просториите на ИОРРСМ.

**Расходи за КПУ.** Отстапување од -24,2% се должи на намалени трошоци заради спроведување на он-лајн и хибридни КПУ настани. Исто така, отстапувањето се должи на намалени трошоци заради организирање на заеднички настани со други институции.

**Стручна литература - подготовка, ажурирање и превод (прирачници, литература за испит, алатка PACK PE).** Отстапување од -94,3% се должи на неспроведени дополнителни активности за превод за алатката PACK PE, како и превод на прирачници.

**Преводи и објавување на Кодекс на етика и објавување на МСР.** Отстапување од -75,7% се должи на одлагање на активноста за 2022 година. Објавувањето на стандардите и кодексот во 'Службен весник на РСМ' не е реализирано заради прашања од финансиски и правен аспект, а кои што беа дискутирани со одговорни лица во Министерството за финансии за да се изнајде соодветно решение. Објавувањето зависи од носење на новиот Закон за ревизија, и одредбите поврзани со објавувањето на стандардите и кодексот.

**Учество на меѓународни конференции.** Отстапување од 407% се должи на тоа што на крајот на годината беше овозможено физичко присуство на меѓународни конференции и други настани во странство, наспроти планираното он-лајн присуство заради околностите со пандемијата на COVID-19, кога учеството би било реализирано преку видео конференции и други он-лајн настани, што беше случај во претходната година и поголемиотр дел на 2022 година.

**Други и непредвидени трошоци.** Отстапување од 22,3% во најголема се должи на непредвидени трошоци поврзани со:

- 38.657,00 денари за адвокатски трошоци поврзани со непредвиден управен судски спор, поведен пред Управниот суд Скопје од страна на тужител Друштво за ревизија и услуги РУЛЕ ДООЕЛ Скопје, поведен на 15.02.2022 година, против одлуки на Управниот одбор на ИОРРСМ за изрекување дисциплинска мерка Времено исклучување членство. Постапката заврши во 2022 година со правосилна судска пресуда во корист на ИОРРСМ.

- 102.662 денари за адвокатски, судски и други поврзани трошоци за судски спорови поведени од ИОРРСМ по основ на побарувања за ненаплатени фактури за спроведена контрола на квалитет. Во 2022 година, со правосилна одлука наплатени се 318.219,00 денари по истиот основ. Повеќе информации се дадени во дел III на овој извештај.

## V. Анализа на реализирање на активностите од Годишната програма за работа на ИОРРСМ за 2022 година

| Планирана активност | Статус на реализирана активност |
|---|---|
| 1. Водење на Регистар на ревизори, Регистар на овластени ревизори, Регистар на друштва за ревизија, Регистар на овластени ревизори – трговци поединци и Регистар на трајно одземени лиценци. | Реализирано. |
| 2. Изготвување и усвојување на Финансиски план на ИОРРСМ за 2022 година. | Реализирано. |
| 3. Изготвување и усвојување на Годишен извештај за работа на ИОРРСМ за 2021 година. | Реализирано. |
| 4. Изготвување на Програма за Континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2022 година, во согласност со најновите достигнувања во професијата. | Реализирано. |
| 5. Организирање и спроведување на континуирано професионално усовршување. | Реализирано. |
| 6. Организирање и спроведување на практични семинари од областа на ревизијата. | Делумно, преку настани за КПУ. |
| 7. Прилагодување на ревизорската алатка (PACK PE). | Не е реализирано. Активноста е во тек. |
| 8. Организирање и спроведување на испит за стекнување на звањето ревизор. | Реализирано. ИОРРСМ спроведе две сесии на испитот за стекнување на звањето ревизор, во јуни/ јули и декември 2022 година. |
| 9. Донесување на тригодишна и годишна програма на Комисијата за контрола на квалитетот. | Реализирано. |
| 10. Спроведување контрола на квалитетот над членовите на Институтот. | Реализирано. |
| 11. Објавување во ‘Службен весник на РСМ‘ на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и други релевантни објави на IFAC. | Не е реализирано. ИОРРСМ го одобри преводот на стандардите и го објави на веб страната, во посебниот дел за своите членови, како неофицијален текст. Објавувањето на стандардите во ‘Службен весник на РСМ’ не е реализирано заради прашања од финансиски и правен аспект, а кои што беа дискутирани со одговорни лица во Министерството за финансии за да се изнајде соодветно решение. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Објавувањето зависи од носење на новиот Закон за ревизија, и одредбите поврзани со објавувањето на стандардите. |
| 12. | - Преведување на Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC.<br>- Објавување во ‘Службен весник на РСМ‘ на Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Реализирано.<br>Не е реализирано, зависи од носење на новиот Закон за ревизија (поврзано со точка 11 погоре). |
| 13. | Следење на примената на Меѓународните стандарди за ревизија (МСР), Меѓународните стандарди за контрола на квалитет и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC кај друштвата за ревизија и кај овластените ревизори – трговци поединци. | Реализирано. |
| 14. | Промовирање на МСР и Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC. | Реализирано. |
| 15. | Спроведување на дисциплински постапки и изрекување мерки на членовите опоради повреда на МСР, Кодексот на етика за професионални сметководители на IFAC и актите на ИОРРСМ. | Реализирано. Во 2022 година, ИОРРСМ изрече две дисциплински мерки по основ на резултати од извршена контрола на квалитетот на ревизорските услуги и осум дисциплински мерки по основ на други повреди. |
| 16. | Издавање на Билтен на ИОРРСМ. | Реализирано. |
| 17. | Соработка со регулаторни тела и институции во земјата. | Реализирано. |
| 18. | Соработка со професионални организации на сметководители и ревизори и други професионални организации, во земјата и во странство. | Реализирано. |
| 19. | Изготвување и усвојување на Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2023 година. | Реализирано. |
| 20. | Ажурирање на Акцискиот план за усогласеност со Стандардите за обврски за членство на IFAC. | Реализирано. |

**Драган Димитров**
**Претседател на ИОРРСМ**